СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ВТОРОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 46-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22 ОКТОМВРИ 1992 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН стр. 26, 29

2. АЛИУ ХАМИТ - 27

3. ЈУШМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - стр. 14 (по т.11 - избор на секретар), 21, 23, 25, 26

4. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 15, 22

5. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 24

5. ПЕТРОВ ТОДОР – 6 (амандман по т.4)

6. СТАНКОВСКИ РИСТО - 14

7. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 16

8. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ стр. 28


ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА ПОДНЕЛЕ:


1. АРООВСКИ БРАНКО - 31

2. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 32

3. АБДИ ФАИК - 33, 38

4. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 33

5. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 34

6. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 35

7. ГОШЕВ ПЕТАР - 36

8. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 39

9. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 40

10. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 41

11. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 41

12. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 42

13. ПЕТРОВ ТОДОР - 43


крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од второто продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана ка 22 октомври 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 16,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андо? претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со седницата.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување закон за издаваше и пуштање во оптек на менични бланкети со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон:

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Четириесет и два пратеници гласаа За. Кој е против? (3 пратеници)

Дали некој е воздржан од гласаше? (12 пратеници се воздржани. Значи, има некои кои не сакаат да гласаат.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака (пратениците креваат рака) (43 - пратеници гласаа за) Дали е некој против? (5) Дали некој се воздржува од гласање? (17)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам , дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, на членовиве 2, 3 став 1, член 5, став 1, точка 5, член 7, член 10 и на член 9.

На комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 5, став 1, точка 9 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандман на Предлогот на закон.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандман на член 5.

Пратеникот Тодор Петров. поднесе амандман на член 9, со кој се согласи Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот а на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1, член 3 став 1 и 2, член 6, член 10, став 1 кои не ги прифати Владата на Република Македонија.

I/3.-

Пратеникот Тодор Петров во Комисијата з .финансирање и буџет ги повлече амандманите на член 5 став 1, точка 6 и член 5, став 2.

Отворам претрес по Амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров. ,

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака.? (пратениците креваат рака)

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес на амандинот на член 3, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет го поддржа овој амандман.

Молам, дали некој бара збор?

Дали Владата останува на ... (останува), не го прифаќа.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (пратениците креваат рака.

23 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет го поддржа овој амандман»

I/4.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот" по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член- 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет го подржува овој амандман.

Молам кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам,кој е за нека крене рака? (пратениците креваат рака).

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

63 пратеници гласаа за.

Кој е  против?

Дали некој се воздржува од гласање? (18)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за иставање и пуштање во оптек на менични бланкети.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување закон за емисија на административни и судски таксени марки, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон, за емисија на административни и судски таксени марки.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) .

67 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

59 пратеници гласаа за.

Кој  е против? (2)

Дали некој се воздржува од гласањето? (11) К

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара! збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на членовите 6 и 7 и член 8 со кои се усогласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 4 став 1, точка 1 и став 2 на член 5 за додавање на нов член 5-а член 6," член 8, член 9, став 1, 2 и 3, член 10 став 1, 3 и 4 и на член 11 првиот дел со кој се согласила Владата на Република Македонија и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1 и член 11 втор дел со кој не се согласила Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави г-динот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Член 1 од Предлог на законот за емисија на административни судски таксени марки децидно утврдува дека со овој Закон се уредува единствената, емисија дистрибуција повлекуваше од употреба и замена на

I/8.-

административни, судски таксени марки на територијата на Република Македонија.

Амандманот што го предложив беше зборовите: "на територијата на Република Македонија", да се бришат,. заради тоа што законите кои што ги"носи овој Парламент се подразбира дека не може да се однесува за територија на друга држава, туку само за територијата на оваа држава. Од тие причини предлагам во амандманот што е поднесен зборовите: "на територијата на Република Македонија" да се бришат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште . некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака) (пратениците креваат рака)

33 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во вториот дел за додавање на зборот "поранешната", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? /никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање. ' •

Молам, кој е за нека крене рака? (пратениците креваат рака.

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 во вториот дел за додавање на зборот – “поранешната" поднесен од

пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претресот по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи. никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласање? (12)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за емисија на административни и судски таксени марки.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за височината на стапката на затезната камата, со Предлог на закон.

Новиот текст на Предлогот за донесуваше на закон, со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и. буџет и ЗПК; ви се доставени , односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Мола,кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за височината на стапката на затезната камата.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) .

67 пратеници гласаа

Дали е некој против? (б)

Дали некој се воздржува од гласање? (10).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон,

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

65 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање ? (19) I

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по' Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не ,бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

65 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (13) .

I/10.-

Констатирам дека Собранието го донесе законот за височината на стапката за затезната камата.

Минуваме на **<u>точката 6</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на Законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општо народна одбрана и на Комисијата за финансирање и буџет, ви се доставени,

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

64 пратеници гласаа за:

Дали е некој против? (5) .

Дали е некој воздржан од гласање? (16).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (5)

I/11.-

Дали некој се воздржува од гласање? (10)

Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 9 тарифен број 1, точка 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот' по текстот и Предлогот на законот го ставам на касање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат

рака)

69 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2)

Дали е некој воздржан од гласање? (15.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси.

Минуваме на **следната точка** - Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1991 година.

Предлогот на Завршната сметка, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК, ви се доставени, односно поделени.

I/12.-

Отворам општ претрес по Предлогот на Завршната сметка,

Молам, дали некој бара збор? (никој)

II/сј/см

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на завршната сметка.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Кој е за1, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

За, гласаа 73 пратеници.

Дали има некој против? (три).

Дали некој се воздржува од гласаше? (девет).

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Републичкиот буџет за 1991 година

Минуваме на **деветта точка** - Предлог на одлуки на основање на заводи за здравствена заштита:во Скопје, Охрид, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес и Тетово.

Владата на Република Македонија предлага Собранието да го одложи разгледувањето на овие одлуки поради потребата работните тела на Владата повторно да ги разгледаат.

Минуваме на **точка 10** - Извештај на реализираните средства по Законот за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општини Гевгелија и Валандово и нивно користење.

Извештајот и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас нема да дискутирам по извештајот, меѓутоа, би сакал да изразам една благодарност од населението на овој регион на кој што му беа доделени овие средства и таа благодарност би ја упатил пред се, до овој Парламент како и до Владата на Република Македонија, со надеж дека во иднина нема да ни се случуваат такви трагедии односно катастрофи и дека не ќе мораме да издвојуваме^ средства од ваков карактер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот кој е содржан во извештајот на Комисијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат, рака).

За гласаа 82 пратеници.

Дали има некој против? (еден).

Дали некој се воздржува од гласаше? (еден).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок,

Минуваме на **точка 11** - Предлог на одлука за именување секретар на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

II/3

Ве молам еден момент госпоѓица Ѓулистана Јумеровска бара збор, не сме ја виделе затоа, се извинувам.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, пред да преминеме на гласање за овој предлог барам одредени појаснувања од Комисијата за избор и именување

Со оглед на тоа што оваа служба која што во Собранието постои како стручна служба е доста гломазна спрема мене и бидејќи има ,одредени потенцијали кои можеа да го заземат ова место ме интересира дали се направени нужните консултации во Службата за барање на секретар бидејќи носење на ново лице во овој момент мислам за нас не е пожелно од проста причина што ова Собрание бараше дури еден процент на рационализација на вработените. А што се однесува до предложениот кандидат лично не го познавам, мислам се работи за млад човек, очигледно мора да е доста успешен бидејќи гледам има на секој две години унапредување во кариерата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе давате некои појаснувања или не?

Има збор господин Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ;**

Во однос на утврдување на предлогот за секретар на Собранието, во рамките на Комисијата повеќе пати се одлагаше. Беа задолжени членовите да изнајдат можни кадровски решенија со тоа и да пренесат на координаторите и сметам сите консултации имаше доволно време да се извршат, сметам дека се извршени и единствен предлог во рамките на тие консултации и во рамките на Комисијата за избори и именувања беше утврден предложениот.,

На седницата конечно на Комисија немаше друг предлог сем овој што е во писмена форма доставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За, гласаа 63 пратеници.

Дали има некој против? (16).

Дали некој се воздржува од гласање? (12).

Констатирам дека за секретар на Собранието на Република Македонија е именуван

(Александар Флоровски бара збор).

Па, го изгласавме ние.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно да се гласа --

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, знаете 15 се против, двајца воздржани, па нема смисла.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Имам поддршка од 10 пратеника.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, можеме да седиме, како сакате, во ред, добро.

Само тоа е веќе, повеќе сметање на работа. (реакција на пратениците во салата).

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

1. Фаик Абди - за
2. Газменд Ајдарага - за
3. Хамид Алиу - за
4. Ешреф Алиу - за
5. Стојан Андов - за
6. Гоце Андоновски - воздржан
7. Митко Анастасовски - воздржан
8. Тиме Андонов - за
9. Никола Апостоловски - воздржан
10. Душко Арсовски - за
11. Драги Арсов - против
12. Бранко Арсовски - за
13. Ламбе Арнаудов - против
14. Јордан Бошков - за
15. Ѓорѓи Бојковски - за
16. Александар Гештаковски - за
17. Петар Гошев - воздржан
18. Владимир Голубовски - не е тука
19. Драги Гроздановски - воздржан
20. Санде Давчев - за
21. Димитар Димитровски - за
22. Тодор Димов - за
23. Доста Димовска - не е тука
24. Ратка Димитрова - не е тука
25. Петар Георгиев - за
26. Борко Горчевски - воздржан
27. Душко Горѓевски - за

28. Зуди Емини - не е тука
29. Јордан Зафиров – не е тука
30. Зоран Зафировски - против
31. Насер Зибери - за
32. Васил Зимбаков - за
33. Ванчо Златанов - не е тука
34. Борис Змејковски - воздржан
35. Симеон Ивановски - не е тука
36. Љубосав Иванов - не е тука
37. Јаким Ивановски - за
38. Иван Иванов - не е тука
39. Љупчо Јакимоски - не е тука
40. Цветан Јовчевски - против
41. Ристо Јованов - воздржан
42. Гулистана Јумеровска - воздржана
43. Ристо Келешов - не е тука
44. Ташко Киров - не е тука
45. Зоран Китев - воздржан
46. Кирил Ковачевски - против
47. Горѓи Котевски - не е тука
48. Стојан Ковачевски - за
49. Зоран Крстевски - за
50. Никола Крстески - за
51. Билјана Лазаревска - не е тука
52. Вецко Личоски - воздржан
53. Коле Луловски - воздржан
54. Флоре Масалковски - за
55. Јован Манчевски - за
56. Ефтим Манев - воздржан
57. Страшо Милковски - за

58. Панчо Минов - за
59. Марин Милековски - за
60. Владимир Митевски за
61. Трајан Мицевски - воздржан
62. Ванчо Младенов - воздржан
63. Џеладин Мурати - за
64. Авди Муртезани - 'воздржан
65. Наиф Мустафа - за
66. Симеон Наумовски і- за
67. Панче Насев - не е тука
68. Славе Наумовски - за
69. Богдан Неделковски - не е тука
70. Душан Николовски - за
71. Јован Николов - за
72. Теодосие Паунов - за
73. Михаил Пановски не е тука
74. Томислав Пецаков - не е тука
75. Тито Петковски - за
76. Тодор Петров - воздржан
77. Мерсим' Положани - за
78. Димитар Поповски - не е тука
79. Киро,Поповски - за
80. Љубомир Поповски - за
81. Шабан Превала - не е тука
82. Исмет Рамадани - за
83. Бошо Рајчески - не е тука
84. Иван Рамбабов - за
85. Неим Селмани - за
86. Ферид Садику - за
87. Наум Симјановски - за

88. Ацо Спировски - не е тука
89. Ристо Станковски -  за
90. Наќе Стојановски - за
91. Славјанка Стојанова - за
92. Никола Стојановски - за
93. Стоиле Стојков - воздржан
94. Томислав Стефковски - за
95. Ристо Стаменов - не е тука
96. Томислав Стојановски - не е тука
97. Оломан Сулејмани:!г не е тука
98. Џелил Таири - за
99. Петар Темелковски - воздржан
100. Гоце Темелковски - воздржан
101. Благој Тошев  - за
102. Петре Трајановски - за
103. Петре Трајковски - против
104. Димитар Трпеновски - за
105. Душан Трпчевски - воздржан
106. Агим Фазлиу - за
107. Александар Флоровски - против
108. Благој Ханџиски - за
109. Абдурахман Алити -іза
110. Сефедин Харуни - за
111. Мухамед Халили - за
112. Стојмир Цветковски - за
113. Неџати Џафери - за
114. Алил Џаферовски - за
115. Феби Џемаили - воздржан
116. Благоја Чкатроски - за
117. Хисни Шаќири – не е тука

III/1 сп/нд

**СТОЈАН АНДОВ:** {ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Шеесет и три пратеници гласаа за.

Против се седум.

Воздржани 22 пратеника.

Констатирам дека за секретар на Собранието на Република Македонија е именуван Игор Спировски.

Преминуваме на **12-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Радио - дифузното претпријатие Македонска радио-телевизија

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓица Јумеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, пред да се гласа за оваа одлука се јавив во својство на член на поранешниот совет на МРТ и воедно барам едно појаснување.

Советот на МРТ на една своја седница донесе одлука за себе разрешување и пред истекот на мандатот од проста причина што и покрај тоа што имаше во неговиот состав морам да кажам свое лично мнение многу истакнати дејци од областа на уметноста, културата па и науката од причина што не е избран од овој плуралистички Парламент.

Паралелно со неговата одлука за разрешување до основачот односно македонското Собрание имаше извештај за едногодишната работа на тој Совет за што Парламентот е надлежен да го гледа согласно законските прописи." Така што овие две одлуки беа дојдени во пакет. Ме интересира и барам да ми се одговори како и зошто овој Парламент немаше можност

досега да го гледа овој извештај и покрај тоа што претпоставував дека паралелно си Одлуката за разрешување на старите членови ќе дојде и овој извештај и покрај тоа што велам тоа е законска норматив;а која мора да ја почитува Собранието заради тоа што е основач на МРТ и како тоа се случило овој извештај да заврши само на Комисијата за политички систем која ги зела ингеренциите на Собранието односно се претворила себеси во мини Собрание и рекла дека ова Собрание нема потреба да го гледа извештајот.

Ова го велам од причина што во тој извештај прво, Советот беше свикуван три пати Само за да го разгледа извештајот, има многу децидни барања кои се поставени на сметка на осивачот, односно на Собранието во кое Советот бара да се разгледа статусот на оваа куќа,.пред се, материјално - финансиското работење и начинот на кој таа ќе егзистира. Ова нешто беше доставено и од генералниот директор на МРТ во форма на отворено писмо до сите институции на државата како и до овој Парламент,- на тоа писмо не беше одговорено, а бидејќи оваа куќа се сретнува со сериозни проблеми во своето работење, а воедно има заклучок на Собранието односно изгласан заклучок да се расправа за организационата поставеност на сите средства за информирање што е долг и задача и на Владата во овој состав, барам да се одговори на овие прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на претходната дискусија сметам дека не е во врска со предлогот што е на дневен ред за измена на претставниците во Советот на Радиодифузното претпријатие МРТ. Меѓутоа, укажувам дека измената на

составот е исклучиво во рамките побарана и изгласана на Комисијата за избори именувања на одредена пратеничка група. Поради таа иницијатива ние го менуваме составот. Во однос на извештајот тоа е од работата на Собранието дали имало приоритет или не, тоа не е предмет на оваа точка на дневен ред.

Една забелешка во однос на предложениот состав за новиот состав, треба да се изостави предложениот кандидат Аслан Селмани, бидејќи во меѓувреме е избран за министер за наука, инаку предлогот е предложен до Собранието на 15 јули, а тој е избран на 4 септември за министер за наука, и сметам дека ова име да се остави дополнително на Комисијата од пратеничката група односно во рамките на координацијата да се предложи нов кандидат. Инаку, изборот е вршен од овластена комисија во рамките на редовното работење на Комисијата за избори и именувања инаку со закон не сме обврзани од кој профил да бидат, основач на радиотелевизијата е Собранието и сметам дека и овие предложени кандидати од оваа комисија можат да одговорат на поставените задачи

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници воопшто не го оспорувам она што го рече господинот Крстевски од проста причина што навистина ингеренција е на ова Собрание да избере нов совет дури тоа и го барав, колку се сеќавам, во својата дискусија. Меѓутоа, она што ме зачуди, а што мислам дека е можност и ред да го кажам само сега, бидејќи не можам да поставувам пратенички прашања до Парламентот, туку можам до Владата, а Владата не е основач на МРТ е зошто заедно со оваа точка на дневен ред не се најде извештајот и доколку денеска. не се најде предлагам таа да се најде на наредната. седница, а претходно да се одговори зошто таа не е ставена.

III/4

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во еден дел од своето барање пратеничката Гулистана Јумеровска изнесе нешто што е врзано за работата на Комисијата за политички систем на ова Собрание со една инсинуација дека се работи за злоупотреба на Комисијата инт.

Да ги дадам следните информации

Прво, извештајот ја работата на МРТ е доставен уште пред одморите, што се вели, и истиот е препратен на мислење до Владата на Република Македонија. Оваа Комисија, на која сум претседател, тој извештај воопшто не го гледала. Тоа е едната работа, која мислам дека треба да се земе како факт пред нешто д ^се каже

Втора битна работа која е врзана за задолжувањето односно незадолжувањето на ова Собрание да го гледа истиот извештај е врзано за една законска одредба односно за членот 26 алинеја 12 од Законот за радиодифузија каде Советот на радио-телевизијата е должен да достави еднаш годишно извештај до ова собрание. Тој извештај е благовремено поделен до пратениците, а друго е прашањето дали по тој извештај ќе се бара да се води расправа. Инаку, законска обврска ова Собрание да го гледа извештајот децидна не постои што значи само може да расправаме и одлучуваме во Собранието ако има интерес тој извештај да се гледа.

Она што мојата комисија - Комисијата за политички систем има гледано е една информација за финансиско - материјалното работење на МРТ и констатациите што се дадени таму во тој материјал Комисијата ги има поддржано, колку што знам во извештајот на Комисијата за финансираше и буџет исто така беше разгледана оваа информација, впрочем и сега имаме нов допис од МРТ во врска со лошата материјално –

финанса состојба ва радиото и телевизијата и односот со Владата тука не се работи  за основач кој е  туку се работи за тоа што мислењето на Владата е неопходно заради финансиската конструкција која треба да се направи во однос на обврските кои ги има Собранието како основач спрема МРТ. Спрема тоа, ако сега се има иницијатива,тој едногодишен извештај да се гледа, тогаш е неспорно може да се гледа, прашање е дали треба да се иновира во некоја смисла, бидејќи навистина 4-5 месеци не е гледан на пленарна седница на Собранието.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, не знаев односно знаев дека овој извештај е испратен некаде во март и не знаев дека тоа е непосредно пред одморите стигнато во Собранието, веројатно од телевизијата до Собранието е многу далеку за да може да стигне. Меѓутоа за мене како пратеник, а верувам и за вас како пратеници во овој македонски Парламент несфатливо е да оној кој ги составува дневни те редови на ова Собрание го стави извештајот само да се прими на знаеше на пратениците, а не и да се разгледува нешто што за нас како пратеници е многу значајно и што во многу дискусии до сега беше потенцирано. Тоа се превирањата кои настануваат во информативниот простор кај нас.

Ова го зборувам и од причина на една постара парламентар на практика во ова Собрание да нешто што е, како што е МРТ извештај не може да биде примен само на знаеше, туку треба со сиот  респект и спрема членовите на Советот и спрема таа куќа и спрема проблемите со кои се среќава таа куќа да биде ставен регуларно на дневен ред, па макар не станало ниту еден збор во дискусија за извештајот. Спрема тоа, воопшто не држи образложението дека тоа е донесено пред одморите во Собранието,

дека може. да се прими само на знаење и дека Собранието може а не треба да го разгледува, бидејќи стои децидно во законот дека извештај доставува Советот, а тој не треба да се гледа, тогаш се прашувам дали тој извештај се доставува само за да седи во фиоките или да се испрати до пратениците. Спрема тоа, инсистирам ова нешто да се стави на дневен ред, бидејќи тоа нешто го бараат и сите оние што се вработени во телевизијата и кои се среќаваат со проблеми од материјално - финансиски карактер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, само еден момент. Кога некој пратеник сака некоја точка да се стави на дневен ред се знае секогаш може да побара од претседателот, а сигурно е во Законот стои дека РТВ само го информира Собранието, а Собранието е информирано затоа што кога е добиен тој извештај ви е поделен на сите и секој од вас можел да бара да биде на дневен ред, а никој не барал: Некој е должен да го информира Собранието, го информира, а вие добивате стално секакви информации, па и извештаи. Ако сака било кој да покрене, тогаш треба да предложи да биде на дневен ред, ние сме имале многу седници и ќе имаме и тогаш ќе си дојде на дневен ред, се разбира ако во постапка е доставено.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, навистина се извинувам што излегувам повеќе пати, навистина ми е непријатно/ меѓутоа, во овој случај морам да му се обратам на претседателот на Собранието, бидејќи тој го толкува Деловникот и воедно го составува дневниот ред. Неговото образложение држи и сигурно ќе беше така ако за сите информации кои што ние ги

примавме, па оценуваме дали има потреба да се стават на дневен ред или не некои од пратениците покренуваа таква точка. Мислам дека не е во ред поготово што се работи за една куќа што е мошне значајна и дека тој извештај дури и по неговото сопствено барање би требало да се најде на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сте можеле веднаш да кажете дека мислите така и ќе беше на дневен ред, вие сега кажавте.

Одиме понатаму. Секој од вас може да предложи, јас ги собирам предлозите на работните тела на пратениците, на Владата, секој што предлага нешто да биде на дневен ред. Тоа е задачата"на претседателот.

За збор се јави господинот Алију.

**ХАМИТ АЛИЈУ:**

Господа пратеници, господин претседателе, во врска со дискусијата на господинот Крстевски потполно се согласувам точно е дека господинот Аслан Селмани сега не е во нашата парламентарна група, тој е во кланот на министрите, затоа предлагам на денешната седница, односно сега да се предложи еден кандидат на местото на господинот Аслан Селмани за да можеме оваа одлука денеска ^да ја расчистиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви укажам дека по Деловникот само Комисијата за избори и именувања дава предлози кои да ги гледаме и усвојуваме.

**ХАМИТ АЛИЈУ:**

Да, само господине претседагтеле тука е Комисијата може за пет минути да се разреши.

(Општо негодување во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш треба да правиме пауза ако Собранието усвои.

Јас предлагам тоа да биде на наредната седница.

Дали може така? (Може).

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

За збор се јави господинот Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, до, колку на оваа седница не можат да се предлагаат нови членови, односно измена на кандидатската листата Советот на МРТ, предлагам да се одложи оваа точка заради тоа што пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз има забелешка на составот, бидејќи нема претставник од оваа пратеничка група. Доколку може на местото на Љупчо Шатевски го предлагаме Љубомир Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа на Комисијата, а не овде. .

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Ако е на Комисија, тогаш предлагам да се симне оваа точка од дневен ред. Да се расчисти или да се даде пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Штом има спорни прашања во листата, предлагам да ја од~ ложиме за наредната седница, а Комисијата за избори и именувања да одржи седница и да ги расчисти работите.

Дали може така? (Може)

Преминуваме на **точката 13** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни игри и песни "Танец" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. ,

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Еден, пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Тројца пратеници).

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни игри и песни "Танец" - Скопје.

Преминуваме на **14 -та точка** од дневниот ред - Предлог на одлуки за разрешување од функција судии на Општинскиот суд Скопје II - Скопје.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата извести дека Општинскиот суд Скопје II - Скопје согласно член 110 од Законот за редовните судови донел решенија со кои се утврдува престанок на функцијата судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје, на судиите Ванчо Митев Д Антонио Коштанов и Лидија Тасева.

III/10

Преминуваме на **15-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешуван?е од функцијата судија на Општинскиот суд во Струмица.

Предлогот на одлуката Собранието ја донесе на Педесетта- та седница.

Преминуваме на **16-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за потврдување на Статутот на Републичкиот завод за вработување - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија ви се поделени

Отворам претрес. .

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

За одлуката гласаа 61 пратеник.

Дали е некој против? (Еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Одлуката за потврдување на Статутот на Републичкиот завод за вработување - Скопје е донесена.

Преминуваме на **17-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Централното основно училиште "Ристо Шуклев" с. Негорци - Гевгелија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

IV/1/CC/OM

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Бидејќи никој не бара збор го -заклучувам претресот?

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за  предлогот на Одлуката молам да крене рака?(67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој),

Констатирам дека Одлуката за давање согласност на Статутот на Централното основно училиште "Ристо Шуплев" село Негорци- 'Гевгелија е донесена.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија доста одговори на пратеничките прашања на пратениците: Цветан Јовчевски, Ванчо Златанов, Петре Трајковски/ Богдан Неделковски, Владимир, Голубовски, Борко Горчевски, Хамид Алиу, Симон Наумовски, Трајан Мицевски, Благоја Чкатровски, Бранко Арсовски, Џелал Таири' и Неим Селмани, Никола Апостоловски, Оломан Сулејмани, Фаик Абди, Билјана Лазаревска, Митко Анастасовски и Тодор Петров.23

Дали пратениците што ги постави^а овие прашања, во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас го поставив прашањето во врска со користење средства за пролетната сеидба. Имам едно убедување, а и моите избирачи, на некој начин не се убедени дека овие парични средства не се користени наменски.

Во таа смисла го поставив прашањето кои лица го имаат користено овие средства. Одговорот е многу симболичен и даден округло на чоше па би сакал да се обнови одговорот од Владата. Одговорот да го добијам на наредната седница.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Бидејќи имам поставено поголем број на прашања а одговорите се добиени во еден пакет, така што незнам сега за кое прашање се работи. Бидејќи, навистина до сега Владата не се произнела односно на ниту една седница не сме расправале до сега за пратеничките прашања како што било вообичаено до сега.

Апелирам и предлагам од сега или да биде на почетокот или да се определби еден посебен работен ден, дали ќе биде тоа во месецот или во седницата, да има за пратеничките прашања. Навистина, вака, ниту се знае за кое прашање се работи, ниту пак можам, навистина не сум задоволен од голем број прашања бидејќи по одредени прашања веќе господинот независен пратеник Тодор Петров покренува иницијатива како што јас имам поставено прашање своевремено за ЖТП, за табичките и за ред други работи за кои сега исто така има барање господинот Петров. навистина, не ми е јасно за кое прашање се работи бидејќи никогаш Владата, ниту сме расправале за оваа работа.

**ХАМИД АЛИУ:**

Со одговорот добиен од поранешната Влада не сум воопшто задоволен затоа што одговорот е доста контрадикторен. Моето прашање беше кое се причините и мотивите за градење на манастирот на Попова Шапка. Добиениот одговор е толку контрадикторен, прво тврдат дека нема студија за тоа, после се повикуваат на некои членови 38 од Службен весник на СРМ, трето се повикува дека општ интерес на граѓаните, па затоа истото прашање го поставувам на сегашната Влада и барам писмен одговор. Ако треба можам и да дебатирам.

IV/3

**ФАИК АБДИ:**

Не см задоволен од сето она што ни е одговорено затоа  што долго време е изминато и прашањето и одговорите се бледи.

Наиме, она што го добив како одговор, што е тоа е, меѓу тоа процесот на интеграцијата мислам дека не е завршен на ромите од Германија, емигрантите, тие дојдоа 5-6 месеци примаа социјална парична помош и сега сепак без работа. Договорот беше после 6 месеци да бидат на работа. Луѓето седат на улица. '

Понатаму, канализацијата е отворена, ништо не е преземе

Ветено им е да се направат шупи од лим преку ФАКОМ - Сеуште нема ништо. Ако човек појде таму да види тоа е навистина "еден голем ужас и целата населба е фактички расипана.

Ете, Владата малку да, и тоа брзо да презема мерки

Брзо да даде одговор, нешто 'да се стори, зима е луѓе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има нешто Владата да додаде? (нема)-

Преминуваме на поставување пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на. Република Македонија, односно министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Иако институцијата пратенички прашања е до крај на граница девалвирана, јас сепак ќе поставам пратенички прашања до министерот за внатрешни работи и до Владата на Република Македонија.

Ме интересира зашто Владата на Македонија и МВР сеуште регистрираат возила со странски регистрации, со странски ознаки, мислам на ознаката "ЈУ"? Зошто не се променат таблиците бидејќи факт е дека возилата од соседната Српско - Црногорска федерација имаат исти ознаки

Со нашите и не ми е јасно кога ќе искочуваат  некаде во Европа по што ќе ги разликуваат нашите возила. А со оглед на фактот дека е воведена значителна рестрикција со боновите за бензин и голем дел од граѓаните дури и не успеваат ниту тие 20 литри што им се гарантирани месечно да ги земат, зошто не се направи таква рестрикција и при регистрацијата на возилата како некој вид олеснувања да им се дадат  на граѓаните дали 50 или 30% подоле, тоа можат да изготват одговорните во МВР, анализа и да одлучат.

Би сакал министерот за внатрешни работи да ми одговори на ова мое прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговорот ќе го добиете на наредната седница прашањето ќе го доставиме.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако може во врска со, ова Пановски, граѓаните не искочуваат надвор од Република Македонија, туку излегуваат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ова се пратенички прашања. Вие само поставете го прашањето.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (од место)

Ова се пратенички прашања. Ти не си министер за внатрешни работи. Ова се пратенички прашања и кога ќе станеш министер тогаш ќе одговориш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте, господине Пановски, седете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, се извинувам.

Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост што го донесовме на последната

седница е објавен во Службен весник на РМ на 17 октомври 1992 година со број 62 и со оглед на неговата одредба од членот 14 која вели дека. овој Закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на РМ, тоа значи влезен е на сила на 17 октомври. А, во врска со стоа Законот за привремена забрана за примена на Законот за продажба на становите во општествена сопственост од 15 април 1992 година и Законот за изменување на Законот за привремена забрана на Законот за продажба на становите во општествена сопственост од 16 јули(1992 година, зборуваат дека забраната на поранешниот закон се однесува на 6 месеци. Тоа би кажало дека забраната се однесуваше заклучно со 15 октомври 1992 година, тоа е четврток, тоа значи дека во петокот можеше да се применува стариот закон.

Прашањето до Владата гласи дали Владата има сознанија дека на 16 октомври оваа година. се склучени договори во надлежните судови во РМ по основ на стариот закон и, доколку има склучено такви договори колкав е нивниот број, во кои судови се склуени и за описот на становите за кои што се склучени такви договори на 16 октомври  1992 година.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

После речиси 60 години заради тоа што такви случаи практично немало од 1934 година, тоа значи во текот на втората светска војна, на пасиштата околу сонормната граница што ги дели општините Струмица, Радовиш и Берово на повеќе сточари почнувајќи од пролетните месеци па наваму им се краде жива стока пред се телиња и јуниња. Двајца сточари, едниот од селото Добрашници, струмичко и едниот од селото Владимирово - беровско на лице место затекнале група крадци како го колат и дерат телето на едниот сопственик и јунето на другиот. Случајот е пријавен во органите за внатрешни работи,подрачна единица Радовиш и од тогаш наваму нема никакви реакции.

Прашањето е до МВР, што конкретно превзеле за пријавениот случај и што презема такви разбојништва какво што немало шеесетина години да не се повторуваат бидејќи од мај месец наваму има 4 нови случаи.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас уште еднаш сакам да обрнам внимание дека нема смисла да се девалвира толку институцијата пратенички прашања. Уште еднаш сакам да обновам еден предлог што го имам дадено порано, а тоа е пратеничките прашања треба да се поставуваат на почетокот на седницата. Да се определи 1 или 1,5 часови, тогаш да бидат присутни членовите на Владата, а тогаш да заминат сите членови на Владата што немаат точка на дневен ред за која се обврзани да бидат присутни. На тој начин ќе биде олеснета работата на Владата и ќе знае кога мора секој член да биде а кога не мора да биде. На овој начин навистина не е добро ниту за Владата ниту за Парламентот, ниту за институцијата прашања на пратениците што е многу важна категорија во демократскиот живот во работата на секој Парламент. Тоа е првата напомена и го обновувам тој предлог. Нека се размисли уште ,еднаш за тоа бидејќи тоа ќе придонесе повеќе во редот на работата на Парламентот и сликата за Парламентот ќе биде подобра отколку што е. Тоа е прва работа.

Второ, имам три прашања до Владата на Република Македонија, односно барам информација за наредната седница: ?

Прво, податоци за иселувањето на Република Македонија во последните две години, по можност по квалификациона структура, бидејќи имаме силен бран на повторно иселуваше, напуштање на Републиката и тоа на најспособни кадри, пред се. Би сакал да добиеме информација за тоа кој од Македонија се иселува во овој период и по квалификациона

структура. Тоа е првата работа, а знаме што тоа значи за нашава Република.

Второ прашање, сакам еднаш да слушнам точни податоци за бројот на избеглиците во Македонија. Од разни места дознаваме различни бројки. Може ли оваа држава да знае колкав е бројот на избеглиците во Македонија.

Во врска со тоа има прашање, има други моменти бидејќи надлежни органи,, одговорни и јавни ра ботници даваат различни бројки. Тоа говори за нашата среденост во Републикава. А, да не говорам за импликациите какви се или какви можат да бидат.

Третата работа, во врска со Собранието на град Скопје, тоа не работи една година. Во таа една година произлегува исто како да не е конституирано тоа градско Собрание. Кога имавме ситуација на неконстуирање Собранија Владата претходна најде некакви уставни основи да интервенира. Дали за градското;Собрание може да се најде нешто тоа да функционира или нешто да се преземе.

Зошто го зборувам ова? Затоа што според,дојдени. податоци само за комуналните услуги, уплатите што би биле ревалоризирани, или се зголемени цени во период од една година покажуваат само по тој осно дека градската каса е испразнета или помалку примила три милијарди нови денари. Со три милијарди нови денари, верувајте, многу улици би изгледале поинакви, многу светилки би изгледале поинаку и слично на тоа. Тоа е само една последица од тоа што не функционира градското собрание. Има ли некаква надлежност нешто да се направи или Скопје е сосема одвоено, посебна држава и служи ли тоа на чест на граѓаните на Скопје и било која институција која што едноставно молчи, а двајца - троица или пет души или незнам кои партиски групации таму да го блокираат работењето на Собранието на град Скопје. Тоа е шесто илјади популација, триесет до четириесет економски потенцијал на Републиката и да не зборувам за другите параметри.

IV/8.-

**ФАИК АБДИ:**

Обновувам едно прашање, тоа е едновремено поставено на граѓаните во Република Македонија како живеат односно колку граѓани на РМ живеат во супстандардни живеалишта? Добив еден одговор после икс време после една година.

На друга седница побарав оваа работа да се стави како материјал за работа на Собранието односно во надлежност на Владата и да подготви програма за постапно отстранување на супстандардни живеалишта во PJ*!. Пак го обновувам ова прашање со барање да се види што е тоа, во кој временски период, петгодишен, среднорочен, долгорочен итн., што најповеќе има од албанска националност, од ромска од македонска и турска. По редот ги кажувам онолку колку што ги има. Тоа ,е едно прашање.

Второто прашање .е следно, летоска во Штип се случи една несреќа. Изгореа живеалишта на наши граѓани. Превземавме разни акции, отидовме таму на лице место. Разговаравме со мештаните и министерството е запознато. Претседателот на Републиката,, претседателот на Собранието, претседателот на Владата е запознат. Владата има донесено конкретни заклучоци, меѓутоа, нема никаква реализација. Граѓаните останаа надвор. Зима е, што понатаму ќе се прави?

Во Куманово ситуацијата е иста. Има некоја река која постојано поплавува еден дел на Куманово, тоа е населбата Средорек. Неодамна пред еден месец или месец ипол таа е целосно поплавена. Куќи се срушени. Никој ништо не презел. Барам одговор по ова прашање.

Понатаму, едно прашање во врска со Кичево,има една отворена канализација од армијата излага од касарната, никој ништо не презема и барам одговор по ова, односно ангажирање тоа да се покрие затоа што во прашање е здравјето.

Пратеникот Цветковски Стојмир приложи пратенички прашање.

(Прилог пратенички прашање на Цветковски Стојмир).

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ**

Поднесувам бараше од група родители од Крива Паланка кои имаат деца категоризација со физички и психички развој со завре- но средно насочено образование.

Бараат од мене како пратеник во Парламентот на Република Македонија да поставам прашање пред македонскиот парламент и да се води дискусија за овие деца за тоа што до 1983 година закопот им гарантирал вработување или паричен надомест. Од 1983 година наваму никој ништо не презема со овие деца, оставени се на себе.

Бараат да им се обезбеди вработување или да им се обезбеди паричен надомест, како што зимале пред 1983 година а се прогласени неспособни за работа. Да им се обезбедат некои средства.

Барањето го поднесуваат родителите Ивановски Киро, Зековски Киро, Стефановски Ратко, Николовски Љубомир, Стоилковски Благој, Ивановски Јанко, Ивановски Лазо и Кузман Додевски.

IV/9.-

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници последниве месеци во Тетово се појавуваат серија кражби. Последниот случај е пред една недела од продавниците и бутиците Тетово е украдено стока во вредност од неколку илјади германски марки.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:** (Продолжение)

Прашањето што има сторено МВР-УБР Тетово во откривањето на сите овие случаи досега и дали се откриени случаи на соработка на припадниците на полицијата со крадците.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Само едно прашање. Зошто е прекината реконструкцијата на дел од патот Струмица - Штип која е предвидена во програмата за изградба на патишта за 19 92 година? Барам писмен одговор до идната седница. -

**ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА:**

Имам едно кратко практично прашање. По изборот за пратеници добивме пратенички книшки. Во пратеничките книшки меѓу другото имаме право на повластен превоз. Во автобуската станица- Скопје не се издаваат односно не се почитуваат овие книшки. Молам да ми се даде одговор - зошто не се почитуваат пратеничките книшки во издавање на повластени карти?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, на ова нека се даде прашаше, но да се почитува и да се уреди, се што треба да се преземе да се тоа почитува. Сигурно ние не сме свршиле према тие некои обврски, па затоа не се почитува,

**ДИМИТАР ТРРПЕНОВСКИ:**

Често слушаме за заканувачка еколошка катастрофа на Охридското Езеро, поготово поради сеуште не решеното прашање на сливот на реката Сатеска. И од тој аспект надлежното министерство поставувам прашање какви мерки и активности презема околу решавање на ова значајно прашање, имајќи го во вид тоа дека истото е и под заштита на УНЕСКО. Тоа е едно прашање

V/2.-

Второ, прашање, ние го донесевме законот за продажба на општествените станови Познато е дека одредени општествени и индивидуални градби околу себе располагаат со по замашен, или поголем општествен простор, поготово на пределот Водно. Па ме интересира како во контекст на' овој закон Владата ќе го третира ова прашање, заради тоа- што тоа е значајно бидејќи тој простор може да стане простор кој што во плуралистичкиве пазарни односи може да се искористи како простор од кој што може да се добие и добар профит.

Трето прашаше. Во текот на летните месеци во Струга беа одржани албански културни денови. Бидејќи јазикот не ми е позна барам одредена информација од надлежниот орган за содржината и суштината на оваа манифестација.

И уште едно прашање до надлежното министерство за 4 образование. Во општина Струга учениците кои доаѓаат од селските населби во градот во однос на плаќањето на патните трошоци се третирани поинаку отколку учениците кои што патуваат меѓу Струга и Охрид. Поставувам прашање зошто е ваков различен третманот на учениците?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Имам две пратенички прашање. Едното е во врска со активностите кои Владата на Република Македонија во поранешен состав ги имаше во однос на агроберзата. Ме интересира до каде е таа работа и кое е становиштето нормално на оваа Влада во однос на тоа, бидејќи ќе дојдат други времиња, пак тоа ќе биде актуелно. Мислам дека е важно на време тоа да се сработи.

Второто прашање ми е врзано исто така за едно бараше на податоци. Имено во дневните весници читам за неколку хуманитарни активности кои ги прави приватното претпријатие "Зегин". Веројатно меѓу другото се бави со промет на лекарства и други производи.

V/3.-

Тие хуманитарни активности се колку што гледам во подарување на телевизори итн. Меѓутоа, некаде имам сретнато податок дека Владата во поранешниот состав има некакви деловнички да речам односи со ова претпријатие, а се однесуваат на кредит, набавки на лекови преку државните резерви на Република Македонија. Во таа смисла барам целосна информација за овие односи кои постоеле меѓу Владата и ова приватно претпријатие.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Иако во полупразна сала сака^м да ја искористам можноста за едно гласно размислување во врска со пратеничките прашања, дали тоа што од пратениците во коалицијата на власт опозицијата не може да дојде на ред да постави прашање на Владата и тоа на нивна влада кои што сами ја гласале и избрале. Затоа што барем по мои критериум) коалицијата на власти не ја "бламира и не и поставува прашања на Владата. Така што односот спрема пратеничкото прашање како институција би требало навистина да се разработи и во новиот Деловник.

Меѓутоа, јас сакам да поставам неколку прашања за да Владата одговори што презема во врска со истите, а тоа е со кои меѓудржавни договори е извршено разграничување и дефинирање на државната граница и граничната линија меѓу Македонија и Албанија, Македонија и Бугарија, Македонија и Грција и Македонија и Србија. Зошто се поставени караулите на Македонско - српската граница на три километри во внатрешноста на територијата на Република Македонија на некои места?Кога ќе се изврши разграничување на државната граница помеѓу Република Македонија и Република Србија и дали е извршено поместување на граничната линија од соседна Албанија во територијата на Република Македонија, имајќи го во предвид дека и поранешната Сојузна Влада ставаше забелешки во соодветни дипломатски постапки до Владата на соседна Албанија дека се

врши постепено навлегување и поместување на граничната линија на територијава на Република Македонија. Сакам Владата на овие прашања да ми одговори, доколку е во состојба уште сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие прашања се однесуваат на министерот за внатрешни' работи, нека подготви и да ни ги достави.

Дали има други прашања? (Нема).

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 46-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,35 часот) .